**ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИСКА КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА**

# ЕДИНЕЧЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ

## ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2010

**Февруари 2011**

## СОДРЖИНА

1. **Општи податоци**
2. **Управување со финансиски ризик**
3. **Инвестиции**
4. **Дивиденда**
5. **Финансирање**
6. **Големи зделки**
7. **Односи со поврзани субјекти**
8. **Акционерски капитал**
9. **Надомести на раководството**

10. **Производство и продажби**
**Производство во физички обем**

**Вкупни продажби**
Продажби по сегменти
Продажби на домашен пазар по сегменти
Продажби на странски пазар по сегменти
Продажби на странски пазар по региони / земји

**Вкупен приход, утврдување и распоредување на добивката**

Вкупни приходи
Вкупни расходи
Биланс на успех
Биланс на состојба
Показатели за работењето

**Број на вработени**

## 1. Општи податоци

Алкалоид АД Скопје е акционерско друштво, основано и со седиште во Република Македонија. Адресата на Друштвото е: Александар Македонски 12, Скопје, Република Македонија.

**Основна дејност** на Алкалоид АД Скопје е производство на фармацевтски, хемиски и козметички производи и производи од билно потекло. Покрај основната дејност Алкалоид АД Скопје, согласно уписот во судскиот регистер, може да обавува и трговија на големо и надворешно-трговски промет со прехранбени и непрехранбени производи.
**Претежна дејност** е производство на фармацевтски производи.

Акциите на Алкалоид АД Скопје, котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.

Годишниот извештај за работењето на Алкалоид АД Скопје е изготвен во согласност со Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/2004, 84/2005, 25/2007 и 87/2008) и Правилникот за водење на сметководство (Сл.Весник бр. 94/2004, 11/2005, 116/2005, 159/2009 и 164/2010). Извештајот е изготвен во согласност со концептот на набавна цена, со исклучок на земјиштето, градежните објекти и вложувањата расположиви за продажба, кои се искажани според нивната пазарна вредност.

Изготвувањето на годишен извештај во согласност со Законот за трговски друштва и Правилникот за водење на сметководство бара примена на проценки и претпоставки од страна на менаџментот на Друштвото, кои влијаат врз искажаните позиции во финансиските извештаи. Иако проценките на раководството се базираат на разумни информации и познавања за настаните и активностите, фактичките резултати може да се разликуваат од проценетите.

## 2. Управување со финансискиот ризик

### Видови финансиски ризик

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарен ризик (ризик од промена на девизните курсеви, пазарните вредности и цените), кредитен ризик, ризик од неликвидност и каматен ризик. Пристапот на Друштвото во управување со финансиски ризик е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навренено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот го врши Финансискиот сектор, а врз основа на политиките одобрени од Управниот Одбор.

### Пазарен ризик
### а) Ризик од промена на девизниот курс

Друштвото е вклучено во меѓународни трансакции и е изложено на ризик од промена на девизните курсеви, како резултат на изложеност на домашната валута во однос на различните странски валути.

За да се намали изложеноста на девизниот ризик, Друштвото спроведува политика со која се настојува да се обезбедат доволно девизни средства на девизните сметки во банките, со цел истите да бидат искористени за плаќање на тековните обврски спрема странските добавувачи во моментот на нивното доспевање.

**б) Ризик од промена на цените**

Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарната вредност на вложувањата расположиви-за-продажба. Друштвото не е изложено на ризик од промена на цената на готовите производи.

**Кредитен ризик**

Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик. Воспоставените политики и процедури овозможуваат продажба на купувачи со соодветна кредитна историја. Побарувањата од купувачите се состојат од голем број на салда. На тој начин, управувањето со кредитниот ризикв клучува политика на разумно намалување и дисперзија на концентрацијата на побарувањата во портфолиото на клиентите.

**Ризик од неликвидност**

Ризикот од неликвидност се управува преку обезбедување на доволни количества на готовина, можност за обезбедување на средства за кредитирање на операциите на Друштвото.

**Каматен ризик**

Друштвото не поседува значајни финансиски средства кои би обезбедиле принос на камати, така што готовинскиот тек на Друштвото не е под влијание на промените на пазарните каматни стапки.

Друштвото е изложено на каматен ризик за долгорочните и краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик, и истиот го регулира во директни преговори со банките. Каматните стапки на долгорочните кредити се значително помали од краткорочните, и значајно не варираат. Каматите на краткорочните кредити земени од банките во земјата во тековниот период се намалени во однос на минатата година.

**Објективна вредност**

Објективната вредност на Вложените средства расположиви-за-продажба се базира на вредноста на акциите кои котираат на официјалниот финансиски пазар на денот на Билансот на состојба.

За вреднување на Вложувањата кои не котираат на официјалниот пазар, се применува тековната пазарна вредност на вложувања во хартии од вредност во иста или слична групација во која дејствува субјектот.

Книговодствената вредност намалена за проценетите исправки на вредноста на финансиски средства и обврски, со рок на доспевање пократок од една година, ја претставува приближно нивната објективна вредност.

Проценките на Друштвото се базираат на искуството и останатите фактори, вклучувајќи ги и очекувањата за идните настани за кои се верува дека се веројатни во сегашните околности.

## 3 Инвестиции

Инвестициите ги вклучуваат зголемувањата на материјалните (градежни објекти и опрема) и нематеријалните средства (патенти, лиценци, софтвер).

Инвестициите по сегменти (Профитни центри) на 31 декември се:

**(Во 000 Ден)**

| | 2010 | | 2009 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **10/09** |
| Фармација | 267.226 | 95 | 470.985 | 97 | 57 |
| Хемија Козметика Билкарство | 13.412 | 5 | 13.234 | 3 | 101 |
| **Вкупно:** | **280.638** | **100** | **484.219** | **100** | **58** |

## 4 Дивиденда

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденди сé додека истата не се ратификува на Годишно собрание на акционерите.

На 19 април 2010 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2009 година во износ од 216.293 илјади денари. Данокот на исплатената дивиденда и другите распределби од добивката изнесуваат 35.105 илјади Денари. Пресметаната дивиденда за 2009 година е прикажана како намалување од задржаната добивка.

## 5 Финансирање - Кредити

**(Во 000 Ден)**

| | 2010 | | 2009 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кредити** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **10/09** |
| Нетековни кредити | 223 | - | 811 | - | 27 |
| Тековни кредити | 391.891 | 100 | 412.340 | 100 | 95 |
| **Вкупно:** | **392.114** | **100** | **413.151** | **100** | **95** |

Доспевањето на кредитите е:

**(Во 000 Ден)**

| | 2010 | | 2009 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Доспеаност** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **10/09** |
| До 1 година | 391.891 | 100 | 412.340 | 100 | 95 |
| Од 1 до 3 години | 223 | - | 811 | - | 27 |
| **Вкупно:** | **392.114** | **100** | **413.151** | **100** | **95** |

## 6 Големи зделки

Според Законот за трговски друштва, Алкалоид АД Скопје во 2009 година нема склучено големи зделки.

## 7 Односи со поврзани субјекти

Алкалои АД Скопје нема краен единствен сопственик. Акциите на Друштвото се поседувани од голем број на правни и физички лица.

Алкалои АД Скопје поседува дванаесте подружници и една фондација во Македонија и странство. Продажбата на, и набавката од поврзаните субјекти се одвива на принцип на нормални продажни услови и пазарни цени.

**Вложувања во поврзани субјекти**

**(Во 000 Ден)**

| | 2010 | | 2009 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **10/09** |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 557 | 1 | 557 | 2 | 100 |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 14.822 | 21 | 14.822 | 47 | 100 |
| Алкалоид ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 39 | - | 39 | - | 100 |
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 43.131 | 60 | 2.537 | 8 | 1.700 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, Косо | 307 | - | 307 | 1 | 100 |
| Алкалоид ЕООД Софија, Бугарија | 2.748 | 4 | 2.748 | 9 | 100 |
| Алкалоидфарм СА Фрибург, Швајцарија | 4.285 | 6 | 4.285 | 14 | 100 |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, Македонија | 154 | - | 154 | - | 100 |
| Алкалоид УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД | 2.365 | 3 | 2.365 | 7 | 100 |
| Фондација „Трајче Мукаетов” Скопје | 3.000 | 4 | 3.000 | 10 | 100 |
| ООО Алкалоид РУС, Москва, Русија | 619 | 1 | 619 | 2 | 100 |
| Алкалоид ДОО Подхорица, Црна Гора | - | - | - | - | - |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 461 | - | - | - | - |
| **Вкупно:** | **72.488** | **100** | **31.433** | **100** | **231** |

Сите поврзани субјекти се 100% сопственост на Алкалоид АД Скопје, освен вложувањето во Алкалоид УСА каде учеството изнесува 49%.
Иако вложувањето на Алкалоид АД Скопје во Алкалоид УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД изнесува 49 %, Друштвото поседува контрола.

Во текот на 2010 година регистрирана е нова подружница во република Словенија, Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана. Подружницата е 100% сопственост на Алкалоид АД Скопје. Досегашната подружница во Словенија се преименува во Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана.

Друштвото има претставништва во Русија, Украина и Албанија. Резултатите од работењето на претставништвата се вклучени во финансискиот извештај на матичното друштво.

**Побарувања за дадени аванси, позајмици и кредити**

**(Во 000 Ден)**

| | 2010 | | 2009 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **10/09** |
| Алкалоид КОНС ДООЕЛ Скопје, Македонија | 17.409 | 23 | 30.641 | 34 | 57 |
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 12.982 | 17 | 12.978 | 14 | 100 |
| ООО Алкалоид РУС Москва, Русија | 45.195 | 60 | 46.146 | 51 | 98 |
| **Вкупно:** | **75.586** | **100** | **89.765** | **100** | **84** |

## 8 Акционерски капитал

| | Број на акции | Обични акции | Сопствени акции | Вкупно | Премии од акции |
|---|---|---|---|---|---|
| **На 1 Јануари 2009** | **1.422.846** | **2.220.127** | **-13.344** | **2.206.783** | **906** |
| Откуп на сопствени акции | -150 | - | -235 | -235 | -172 |
| Оттуѓување на сопствени акции | - | - | - | - | - |
| **На 31 Декември 2009** | **1.422.696** | **2.220.127** | **-13.579** | **2.206.548** | **734** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - | - |
| Оттуѓување на сопствени акции | - | - | - | - | - |
| **На 31 Декември 2009** | **1.422.696** | **2.220.127** | **-13.579** | **2.206.548** | **734** |

Вкупниот број на одобрени и издадени акции е 1.431.353 со номинална вредност од ЕУР 25,56 (Денари 1.551) по акција. Издадените акции се платени во целост.

Во текот на 2010 година Друштвото нема откуп и отуѓување на сопствени акции, така да се останати 8.657 како сопствени обични акции и 3.287 акции резервирани за поранешни сопственици, од кои 3.228 приоритетни акции и 59 обични акции стекнати по основ на дивиденда.

### Заработка по акција

(Во Ден)

| | 2010 Износ | 2009 Износ | Инд 10/09 |
|---|---|---|---|
| Расположива Нето добивка (Денари) | 581.577.640 | 503.267.196 | 116 |
| Број на акции | 1.422.696 | 1.422.696 | 100 |
| **Основна заработка по акција (Денари):** | **408,79** | **353,74** | **116** |

## 9. Надоместоци на раководството

На членовите на Управниот одбор на Друштвото во 2010 и 2009 година не се исплатени надоместоци за учество во одборот.

На членовите на Надзорниот одбор на Друштвото во 2010 година вкупно се исплатени 3.584 илјади денари, додека во 2009 се исплатени 3.391 илјади денари.

## 10. Производство и продажби

### Производство во физички обем

(Во Тони)

| Профитен центар | 2010 Износ | 2010 % | 2009 Износ | 2009 % | Инд 10/09 |
|---|---|---|---|---|---|
| Фармација | 808 | 11 | 782 | 11 | 103 |
| Хемија Козметика Билкарство | 6.847 | 89 | 6.619 | 89 | 103 |
| **Вкупно:** | **7.655** | **100** | **7.401** | **100** | **103** |

Оствареното вкупно производство во 2010 година, искажано во физички обем, изнесува 7.655 тони што претставува пораст за 3% во споредба со оствареното во 2009 година (7.401 тон).

**Вкупни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2010 | | 2009 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **10/09** |
| Домашен пазар | 1.972.723 | 38 | 1.814.094 | 39 | 109 |
| Странски пазар | 3.169.794 | 62 | 2.874.051 | 61 | 110 |
| **Вкупно:** | **5.142.517** | **100** | **4.688.145** | **100** | **110** |

Остварените вкупни продажби во 2010 година изнесуваат 5.142.517 илјади денари што во споредба со остварените продажби во 2009 година (4.688.145 илјади денари) бележат пораст за 10%. Вкупниот пораст на продажбите е резултат од порастот на продажбите остварени на домашен пазар за 9% и на странски пазар за 10%.
Според структурата на пазар, најголем обем на продажби, 62%, е остварен на странски пазар.

**Вкупни продажби по Профитни центри**

(Во 000 Ден)

| | 2010 | | 2009 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **10/09** |
| Фармација | 4.200.041 | 82 | 3.811.328 | 81 | 110 |
| Хемија Козметика Билкарство | 942.476 | 18 | 876.817 | 19 | 107 |
| **Вкупно:** | **5.142.517** | **100** | **4.688.145** | **100** | **110** |

Најголеми вкупни продажби во износ од 4.200.041 илјади денари, или 82%, се остварени од продажбите на фармацевтски производи. Тие во споредба со остварените вкупни продажби во 2009 година (3.811.328 илјади денари) бележат пораст за 10%.

**Продажби на домашен пазар по Профитни центри**

(Во 000 Ден)

| | 2010 | | 2009 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **10/09** |
| Фармација | 1.489.825 | 76 | 1.359.570 | 75 | 110 |
| Хемија Козметика Билкарство | 482.898 | 24 | 454.524 | 25 | 106 |
| **Вкупно:** | **1.972.723** | **100** | **1.814.094** | **100** | **109** |

Вкупните продажби на домашен пазар изнесуваат 1.972.723 илјади денари што во споредба со 2009 година (1.814.094 илјади денари) бележат пораст од 9%.

Најголем обем на продажби во износ од 1.489.825 илјади денари, или 76%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Продажби на странски пазар по Профитни центри**

(Во 000 Ден)

| Профитен центар | 2010 Износ | % | 2009 Износ | % | Инд 10/09 |
|---|---|---|---|---|---|
| Фармација | 2.710.216 | 86 | 2.451.758 | 85 | 111 |
| Хемија Козметика Билкарство | 459.578 | 14 | 422.293 | 15 | 109 |
| **Вкупно:** | **3.169.794** | **100** | **2.874.051** | **100** | **110** |

Вкупните продажби на странски пазар изнесуваат 3.169.794 илјади денари што во споредба со 2009 година (2.874.051 илјади денари) бележат пораст од 10%. Порастот на вкупниот извоз е резултат на зголемениот извоз во сите Профитни центри.
Најголем обем на продажби од извоз во износ од 2.710.216 илјади денари, или 86%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Продажби на странски пазар по региони / земји**

(Во 000 Ден)

| Регион / Земја | 2010 Износ | % | 2009 Износ | % | Инд 10/09 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Југоисточна Европа** | **2.298.124** | **73** | **2.304.453** | **80** | **100** |
| Албанија | 114.329 | 4 | 110.044 | 4 | 104 |
| Босна и Херцеговина | 612.695 | 19 | 592.921 | 21 | 103 |
| Косово | 258.126 | 8 | 244.746 | 8 | 105 |
| Србија | 738.469 | 23 | 871.252 | 30 | 85 |
| Хрватска | 406.783 | 13 | 338.057 | 12 | 120 |
| Црна Гора | 167.722 | 5 | 147.433 | 5 | 114 |
| **Русија и други земји во ЗНД** | **523.307** | **17** | **323.856** | **11** | **162** |
| Русија | 451.328 | 14 | 280.460 | 10 | 161 |
| Грузија | - | - | 286 | - | - |
| Ерменија | 6.591 | - | 8.863 | 1 | 74 |
| Украина | 65.388 | 2 | 34.247 | - | 191 |
| **Западна Европа (ЕУ и ЕФТА)** | **311.057** | **10** | **207.733** | **7** | **150** |
| Бугарија | 131.176 | 4 | 73.305 | 3 | 179 |
| Германија | 81.139 | 3 | 44.551 | 2 | 182 |
| Романија | 3.839 | - | - | - | - |
| Словенија | 94.727 | 3 | 83.491 | 3 | 113 |
| Франција | - | - | 1.534 | - | - |
| Швајцарија | 176 | - | 4.852 | - | 4 |
| **Други земји** | **37.306** | **1** | **38.009** | **1** | **98** |
| Австралија | 4.419 | - | 4.171 | - | 106 |
| Јордан | 1.239 | - | 1.365 | - | 91 |
| САД | 30.109 | 1 | 31.972 | 1 | 94 |
| Останати | 1.539 | - | 501 | - | - |
| **Вкупно:** | **3.169.794** | **100** | **2.874.051** | **100** | **110** |

Најголем пораст од 62% на извозот во 2010 година во споредба со остварениот извоз во 2009 година бележи извозот во Русија и други земји во ЗНД.
Најголем обем од продажбите на странски пазар, 73%, се остварени во земјите од југоисточна Европа.

**Вкупни приходи**

(Во 000 Ден)

| Приходи | 2010 Износ | % | 2009 Износ | % | Инд 10/09 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Приходи од продажба на производи и услуги** | **5.142.517** | **97** | **4.688.145** | **97** | **110** |
| **-Домашен пазар** | **1.972.723** | **37** | **1.814.094** | **38** | **109** |
| Продажба на готови производи | 1.727.426 | 33 | 1.574.922 | 33 | 110 |
| Продажба на трговски стоки | 192.250 | 4 | 186.033 | 4 | 103 |
| Приходи од услуги | 2.194 | - | 14.637 | - | 15 |
| Останата продажба | 50.853 | 1 | 38.502 | - | 132 |
| **-Странски пазар** | **3.169.794** | **60** | **2.874.051** | **59** | **110** |
| Продажба на готови производи | 3.013.810 | 57 | 2.733.221 | 56 | 110 |
| Продажба на трговски стоки | 155.984 | 3 | 140.830 | 3 | 111 |
| **2. Останати деловни приходи** | **151.829** | **3** | **143.355** | **3** | **106** |
| Наплатени отпишани побарувања | 12.789 | - | 48.032 | 1 | 27 |
| Приходи од поранешни години | 30.445 | 1 | 16.009 | - | 190 |
| Приходи од дивиденда | 34 | - | 38 | - | 89 |
| Приходи од камати од тековно работење | 251 | - | 2.304 | - | 11 |
| ПКР од тековно работење | 68.025 | 1 | 49.506 | 1 | 137 |
| Останати приходи | 40.285 | 1 | 27.466 | 1 | 147 |
| **3. Финансиски приходи** | **50** | **-** | **1.430** | **-** | **3** |
| Позитивни курсни разлики од кредити | | - | 38 | - | - |
| Приход од камата на кредити | 50 | - | 1.392 | - | 4 |
| **Вкупно:** | **5.294.396** | **100** | **4.832.930** | **100** | **110** |

Остварените вкупни приходи во 2010 година изнесуваат 5.294.396 илјади денари што во споредба со остварените во 2009 година (4.832.930 илјади денари) претставува пораст од 10%.
Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи. Тие бележат и најголем пораст од 10% во споредба со остварените приходи во 2009 година.
Останатите деловни приходи учествуваат со 3%. Во споредба со остварените во 2009 година бележат зголемување за 6%.
Финансиските приходи ги опфаќаат само приходите по основ на кредити. Учеството на овие приходи во вкупните приходи е незначително.

**Видови на вкупни продажби**

(Во 000 Ден)

| Приходи | 2010 Износ | % | 2009 Износ | % | Инд 10/09 |
|---|---|---|---|---|---|
| Продажба на готови производи | 4.741.236 | 92 | 4.308.143 | 92 | 110 |
| Продажба на трговски стоки | 348.234 | 7 | 326.863 | 7 | 107 |
| Приходи од услуги | 2.194 | - | 14.637 | - | 15 |
| Останата продажба | 50.853 | 1 | 38.502 | 1 | 132 |
| **Вкупно:** | **5.142.517** | **100** | **4.688.145** | **100** | **110** |

**Вкупни расходи по природа на трошоци**

(Во 000 Ден)

| | 2010 | | 2009 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Расходи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **10/09** |
| **1. Промена на залихите** | **-55.321** | **-1** | **-39.202** | **-1** | **141** |
| **2. Суровини и други материјали** | **1.574.292** | **34** | **1.448.691** | **34** | **109** |
| Потрошени суровини и материјали | 1.403.742 | 30 | 1.292.581 | 30 | 109 |
| Потршена енергија | 137.697 | 3 | 107.901 | 3 | 128 |
| Потршени резервни делови | 29.621 | 1 | 39.693 | 1 | 75 |
| Отпис на ситен инвентар | 3.232 | - | 8.516 | - | 38 |
| **3. Набавна вредност на трговски стоки** | **276.681** | **6** | **254.602** | **6** | **109** |
| **4. Услуги** | **341.846** | **7** | **309.267** | **7** | **111** |
| Транспортни трошоци | 86.024 | 2 | 51.401 | 1 | 167 |
| Услуги за одржување | 42.504 | 1 | 35.984 | 1 | 118 |
| Закупнина | 10.954 | - | 6.704 | - | 163 |
| Други материјални улуги | 202.364 | 4 | 215.178 | 5 | 94 |
| **5. Амортизација** | **260.342** | **6** | **252.777** | **6** | **103** |
| **6. Вредносно усоглсување на средствата** | **25.216** | **-** | **84.273** | **2** | **30** |
| **7. Трошоци на вработените** | **867.145** | **19** | **860.434** | **20** | **101** |
| Бруто плати | 718.898 | 15 | 674.504 | 16 | 107 |
| Трошоци за исхрана на вработените | 20.140 | - | 21.373 | - | 94 |
| Надомест за годишни одмори | 22.655 | - | 20.504 | - | 110 |
| Надомест за технолошки вишок | 13.298 | - | 20.554 | - | 65 |
| Бонус на вработените | 90.000 | 2 | 123.301 | 3 | 73 |
| Надомест за отпремнини на вработените | 195 | - | 198 | - | 98 |
| Други лични примања | 1.959 | - | - | - | - |
| **8. Останати расходи од работењето** | **1.361.157** | **29** | **1.076.376** | **25** | **126** |
| Дневници и трошоци за службено патување | 37.729 | 1 | 35.241 | 1 | 107 |
| Реклама и пропаганда | 664.344 | 14 | 583.935 | 14 | 114 |
| Премии за осигурување | 16.799 | - | 22.836 | - | 74 |
| Даноци и придонеси | 17.877 | - | 23.379 | - | 76 |
| Банкарски услуги и членарини | 15.621 | - | 15.320 | - | 102 |
| Затезни камати и пенали од тековно работење | 797 | - | 423 | - | 188 |
| Негативни курсни разлики од тековно работење | 80.393 | 2 | 51.953 | 1 | 155 |
| Вредносно усогласување на финансиски средства | - | - | 21.129 | - | - |
| Расходи од минати години | 20.180 | - | 18.808 | 0 | 107 |
| Останати трошоци | 507.417 | 11 | 303.352 | 7 | 167 |
| **9. Трошоци на финансирање (Кредити)** | **31.965** | **1** | **39.724** | **1** | **80** |
| Негативни курсни разлики од кредити | 7 | - | -31 | - | -23 |
| Камати на кредити | 31.958 | 1 | 39.755 | 1 | 80 |
| **Вкупно:** | **4.683.323** | **100** | **4.286.942** | **100** | **109** |

Остварените вкупни расходи во 2010 година изнесуваат 4.683.323 илјади денари што во споредба со остварените во 2009 година (4.286.942 илјади денари) бележат пораст за 9%. Тоа се должи на порастот на трошоците за Суровини и материјали (Инд 109), Амортизација (Инд 103), Трошоци за вработените (Инд 101), Трошоци за услуги од други (Инд 111) и Останати расходи од работењето (Инд 126).

Во структурата на вкуните расходи најголемо учество од 34% имаат Суровините и другите материјали. Трошоците за вработените учествуваат со 19%; Останатите расходи од работењето учествуваат со 29%. Трошоците на финансирање, кои ги опфаќаат само трошоците по основ на кредити, учествуваат со 1%.

**Биланс на успех по природа на трошоци**

(Во 000 Ден)

| Позиција | 2010 Износ | 2010 % | 2009 Износ | 2009 % | Инд 10/09 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен приход** | **5.294.396** | **100** | **4.832.930** | **100** | **110** |
| Домашен пазар | 1.972.723 | 37 | 1.814.094 | 38 | 109 |
| Странски пазар | 3.169.794 | 60 | 2.874.051 | 59 | 110 |
| Останати деловни приходи | 151.829 | 3 | 143.355 | 3 | 106 |
| Приходи од финансирање | 50 | - | 1.430 | - | 3 |
| **Вкупни расходи** | **-4.683.323** | **88** | **-4.286.942** | **89** | **109** |
| Залихи | 55.321 | -1 | 39.202 | -1 | 141 |
| Суровини и материјали | -1.574.292 | 30 | -1.448.691 | 30 | 109 |
| Набавна вредност на стоки и материјали | -276.681 | 5 | -254.602 | 5 | 109 |
| Трошоци за услуги | -341.846 | 6 | -309.267 | 6 | 111 |
| Бруто плати | -718.898 | 13 | -674.504 | 14 | 107 |
| Амортизација | -260.342 | 5 | -252.777 | 5 | 103 |
| Вредносно усогласување на средствата | -25.216 | - | -84.273 | 2 | 30 |
| Останати трошоци од работењето | -1.509.404 | 29 | -1.262.306 | 26 | 120 |
| Финансиски расходи | -31.965 | 1 | -39.724 | 1 | 80 |
| **Добивка пред оданочување** | **611.073** | **12** | **545.988** | **11** | **112** |
| Данок на добивка | -29.495 | 1 | -42.721 | 1 | 69 |
| **Нето добивка** | **581.578** | **11** | **503.267** | **10** | **116** |

Остварената Добивка пред оданочување во 2010 година изнесува 611.073 илјади денари што во споредба со остварената во 2009 година (545.988 илјади денари) бележи пораст за 12%. Учеството на Добивка пред оданочување во 2010 година во вкупниот приход изнесува 12%.

Пресметаниот Данок на добивка за 2010 година изнесува 29.495 илјада денари и во споредба со 2009 година (42.721 илјада денари) бележи намалување за 31%.

Остварената Нето добивка во 2010 година изнесува 581.578 илјади денари што во споредба со остварената во 2009 година (503.267 илјади денари) бележи пораст за 16%. Учеството на Нето добивка во 2010 година во вкупниот приход изнесува 11%.

**Биланс на успех по функција**

(Во 000 Ден)

| Позиција | 2010 Износ | 2010 % | 2009 Износ | 2009 % | Инд 10/09 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Продажби** | **5.142.517** | **97** | **4.688.145** | **97** | **110** |
| Трошоци содржани во продадени производи и услуги | -2.537.517 | -48 | -2.476.599 | -51 | 102 |
| **Бруто добивка** | **2.605.000** | **49** | **2.211.546** | **46** | **118** |
| Трошоци за истражување и развој | -76.484 | -1 | -66.698 | -1 | 115 |
| Трошоци за продажба и маркетинг | -1.574.837 | -30 | -1.330.174 | -28 | 118 |
| Административни трошоци | -257.817 | -5 | -246.538 | -5 | 105 |
| Резервирања | -2.693 | - | -1.901 | - | 142 |
| Останати приходи од работењето | 151.829 | 3 | 143.355 | 3 | 106 |
| Останати расходи од работењето | -202.010 | -4 | -123.878 | -3 | 163 |
| **Добивка од работењето** | **642.988** | **12** | **585.712** | **12** | **110** |
| Курсни разлики (Нето) | -7 | - | 31 | - | -23 |
| Камати (Нето) | -31.908 | -1 | -39.755 | -1 | 80 |
| **Добивка пред оданочување** | **611.073** | **12** | **545.988** | **11** | **112** |
| Данок на добивка | -29.495 | -1 | -42.721 | -1 | 69 |
| **Нето добивка** | **581.578** | **11** | **503.267** | **10** | **116** |

Билансот на успех по функција ги прикажува трошоците остварени во пооделните деловни сегменти од се́вкупното работење како: Производни трошоци, Трошоци за истражување и развој, Трошоци на продажба и маркетинг и Административни. Трошоците на финансирање се прикажани на нето основа, т.е. приходите и расходите по основ на кредити се пребиени, така да овие позиции можат да бидат приход или расход.

Во структурата на Вкупните приходи најголемо учество, 48%, имаат Трошоци содржани во продадени производи и услуги. Тие во споредба со остварените во 2009 година бележат пораст за 2%, што е резултат на зголемениот обем на продажби.

Трошоците за продажба и маркетинг во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 30%. Тие во споредба со остварените во 2009 година бележат пораст за 18%. Тоа е резултат на зголемените маркетинг трошоци со цел зголемување на продажбите на постоечките пазари и освојување на нови пазари.

Административните трошоци во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 5%. Тие во споредба со остварените во 2009 година бележат зголемување за 5%.

Трошоците за истражување и развој во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 1%. Во споредба со остварените во 2009 година бележат пораст од 15%.

## Биланс на состојба

(Во 000 Ден)

| Позиција | 2010 Износ | % | 2009 Износ | % | Инд 10/09 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Средства** | | | | | |
| **Постојани средства** | | | | | |
| Нематеријални средства | 346.613 | 4 | 243.332 | 3 | 142 |
| Материјални средства | 3.680.282 | 47 | 3.844.203 | 52 | 96 |
| Вложувања во подружмици | 72.488 | 1 | 31.433 | 1 | 231 |
| Вложувања во хартии од вредност | 5.695 | - | 6.394 | - | 89 |
| Останати материјални средства | - | - | - | - | - |
| Останати долгорочни побарувања | 37.660 | - | 19.493 | - | 193 |
| Одложено даночно средство | 10.557 | - | 11.288 | - | 94 |
| **Вкупно постојани средства:** | **4.153.295** | **53** | **4.156.143** | **56** | **100** |
| **Тековни средства** | | | | | |
| Залихи | 1.190.257 | 15 | 1.050.798 | 14 | 113 |
| Побарувања од купувачите | 2.242.649 | 29 | 1.901.510 | 26 | 118 |
| Останати побарувања | 127.632 | 2 | 93.963 | 1 | 136 |
| Краткорочни вложувања | 75.586 | 1 | 88.499 | 1 | 85 |
| Пари и парични еквиваленти | 63.858 | 1 | 123.123 | 2 | 52 |
| **Вкупно тековни средства:** | **3.699.982** | **47** | **3.257.893** | **44** | **114** |
| **Вкупно средства:** | **7.853.277** | **100** | **7.414.036** | **100** | **106** |
| **Капитал и обврски** | | | | | |
| **Капитал** | | | | | |
| Акционерски капитал | 2.206.548 | 28 | 2.206.548 | 30 | 100 |
| Премии од акции | 734 | - | 734 | - | 100 |
| Законски резерви | 596.146 | 8 | 596.146 | 8 | 100 |
| Останати резерви | 1.278.359 | 16 | 1.369.508 | 18 | 93 |
| Задржана добивка | 2.337.168 | 30 | 1.924.380 | 26 | 121 |
| **Вкупно капитал:** | **6.418.955** | **82** | **6.097.316** | **82** | **105** |
| **Обврски** | | | | | |
| **Тековни обрски** | | | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 999.113 | 13 | 872.726 | 12 | 114 |
| Обврски за краткорочни кредити | 391.891 | 5 | 412.340 | 6 | 95 |
| Обврски кон државата | 7 | - | 4.480 | - | - |
| **Вкупно тековни обрски:** | **1.391.011** | **18** | **1.289.546** | **18** | **108** |
| **Долгорочни обврски** | | | | | |
| Обврски за долгорочни кредити | 223 | - | 811 | - | 27 |
| Одложени даночни обврски | 27.521 | - | 13.488 | - | 204 |
| Долгорочни резервирања | 15.567 | - | 12.875 | - | 121 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | **43.311** | **-** | **27.174** | **-** | **159** |
| **Вкупно обврски:** | **1.434.322** | **18** | **1.316.720** | **18** | **109** |
| **Вкупно капитал и обврски:** | **7.853.277** | **100** | **7.414.036** | **100** | **106** |

### Показатели од работењето

| Показатели | 2010 | 2009 | (Во %) Инд 10/09 |
|---|---|---|---|
| Економичност | 113,05 | 112,74 | 100 |
| Профитабилност | 10,98 | 10,41 | 105 |
| ЕБИТДА (%) | 17,57 | 17,89 | 98 |
| Тековен коефициент | 2,66 | 2,53 | 105 |
| Коефициент на задолженост | 0,06 | 0,07 | 90 |
| Поврат на капиталот | 0,09 | 0,08 | 110 |
| Поврат на средствата | 0,07 | 0,07 | 109 |

### Број на вработени на ден 31 декември

| | 2010 | | 2009 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| Профитен центар / ОЕ | Број | % | Број | % | 10/09 |
| Фармација | 584 | 57 | 564 | 56 | 104 |
| Хемија Козметика Билкарство | 180 | 17 | 177 | 18 | 102 |
| Корпоративни служби | 271 | 26 | 264 | 26 | 103 |
| **Вкупно** | **1.035** | **100** | **1.005** | **100** | **103** |

Вкупниот број на вработени со состојба на 31 декември 2010 година изнесува 1.035, што во споредба со вкупниот број на вработени во 2009 година претставува пораст за 3%.

**21.02.2011**

**Генерален директор**
**Живко Мукаетов**